JobAccess
Driving disability employment

# ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ ФИНАНСИРАЊЕ ДОСТАПНО НА РАБОТОДАВАЧИ

Фондот за помош при вработувањето (Employment Assistance Fund - EAF) обезбедува финансиска поддршка на луѓе со попреченост или на нивни работодавачи, за да се платат низа модификации во врска со работа, опрема и услуги.

Средствата од Фондот може да се користат за да им се помогне на вработените лица со попреченост, како и на тие на кои им треба помош да најдат и се подготват за работа.

Некои примери за што може да се користат средствата од EAF:

- модификации на работното место и опремата, како што се помошна (assistive) технологија, електронска и комуникациска опрема;
- апарати за комуникациска технологија;
- преведување на Auslan;
- компјутерски софтвер и надградување на софтверот;
- физички приспособувања на работното место;
- модификации на работни моторни возила;
- обука за запознавање во врска со глуви лица;
- обука за запознавање во врска со лица со попреченост; и
- специјализирани услуги на поддршка во врска со работата за вработени со ментални здравствени состојби или нарушена способност за учење.

**Субвенции за плати**

Субвенциите за плати им нудат на работодавачите финансиска стимулација да им понудат постојано вработување на луѓе со попреченост и на постари работници.

Како работодавач, вие може да имате право на финансиска поддршка за вработување на лице со попреченост преку Програмата за субвенции за плати на Службата за вработување на лица со попреченост (Disability Employment Services (DES) Wage Subsidy Scheme) или преку Повторен почеток за постари работници (Restart for Mature Workers).

За да дознаете повеќе за EAF или за субвенциите за плати, посетете ја интернет страницата www.jobaccess.gov.au или јавете се на советник на JobAccess на 1800 464 800 – повици од мобилни телефони се наплатуваат.

Australian Government

JobAccess is the national hub for workplace and employment information for people with disability, employers and service providers.

**1800 464 800** **www.jobaccess.gov.au**